LAG
AGRO LIDER

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на
## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ „ЛОКАЛНА АКЦИСКА ГРУПА АГРО ЛИДЕР“
## за
## 2025 ГОДИНА

# За ЛАГ Агро Лидер:

Здружението за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР цели да обезбеди услови за постигнување подобра иднина за руралните области, со просперитетни бизниси и просперитетни заедници.
Во соработка со јавните, приватни и граѓански сектор преку заеднички иницијативи и искористување на ендогениот потенцијал на територијата на ЛАГ АГРО ЛИДЕР даваме придонес за социо-економскиот раст и одржлив развј на руралните заедници.
Здружението ЛАГ АГРО ЛИДЕР претставува јавно - приватно партнерство и го опфаќа јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на територијата на општина Долнени, Кривогаштани.Крушево и рурален дел на општина Прилеп. Здружението за рурален развој Локална Акциска група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани е доброволна, непрофитна, невладина, непартиска организација која преку информирање, едукација и мобилизација на заедницата делува за подобрување на квалитетот на животот во руралните области со спроведување на локални иницијативи и проекти од областа на земјоделство и рурален развој, социјална заштита и антидискриминација, млади, економски и одржлив развој, заштита на животната средина, спорт и култура.
Вредности и принципи:
ЛАГ АГРО ЛИДЕР во своето работење се води од следните вредности:

- Интегритет на организацијата и нејзиното целокупно работење,отчетност и транспарентност,
- Посветеност на целите, услугите кон граѓаните и институциите на територијата на ЛАГ АГРО ЛИДЕР во процесот на унапредување на демократијата и граѓанското општество
- Партиципативност на граѓаните во градење на демократско општество
- Тимска работа, градење на одговорност, конзистенстност и компетентност на вработените
- Професионалност, респектибилност и квалитет во спроведување на проектните активности,
- Градење партнерства и соработка со други национални и интернационални организации, заради остварување на заеднички цели.

Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР делува согласно Статутот и Стратегијата за локален развој воден од заедницата преку соодветно дефинирани организациски структури кои ги сочинуваат членови на ЛАГ АГРО ЛИДЕР избрани согласно Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РС Македонија.

# Организациски тела:

**Собрание**: Претставува највисок орган на одлучување во кој се застапени сите членови на ЛАГ-от. Собранието ги дефинира стратешките насоки, ги усвојува годишните планови и извештаи, и се грижи за усогласеноста на работата со Статутот и долгорочната визија за развој на регионот. Собранието на ЛАГ АГРО Лидер има 25 членки. Претседател на Собранието е г-ѓа Даниела Цветаноска.

**Управен одбор**: Како извршен орган на Собранието, Управниот одбор ја насочува работата на организацијата. Неговата примарна одговорност е операционализација на Стратегијата за локален развој, донесување одлуки за тековните активности и контрола врз реализацијата на проектите, притоа внимавајќи на интересите на сите општини и сектори опфатени со ЛАГ-от.

| Име и презиме | Позиција | Година на назначување |
|---|---|---|
| Даниела Цветаноска | Претседател | 2023 |
| Марина Тошеска | Член | 2023 |
| Татјана Хасану | Член | 2023 |
| Сајда Хасановиќ Мујовиќ | Член | 2023 |
| Саткија Муфтароски | Член | 2023 |
| Александар Мацов | Член | 2023 |
| Даниела Крстеска | Член | 2023 |
| Катерина Паскоска | Член | 2023 |
| Дејан Џокоски | Член | 2023 |
| Сања Димеска | Член | 2023 |
| Дејан Штаргоски | Член | 2023 |

# Организациски тела:

**Надзорен одбор:** Како независно контролно тело, Надзорниот одбор има клучна улога во обезбедувањето на легалитетот и етичноста во работењето на ЛАГ АГРО ЛИДЕР. Неговата примарна функција е да врши постојан надзор над материјално-финансиското работење и да контролира дали средствата се користат наменски и во согласност со усвоениот буџет и законските регулативи.

| | | |
|---|---|---|
| Никола Мариноски | Претседател | 2023 |
| Михајло Николоски | Член | 2023 |
| Емран Саитоски | Член | 2023 |

# ПРОЕКТИ

# Гласови од руралните заедници: Зајакнување на жените за локално застапување:

Проектот „Гласови од руралните заедници: Зајакнување на жените за локално застапување“ има за цел да ги зајакне жените од руралните средини како активни чинители во процесите на локално донесување одлуки, преку градење на нивните капацитети за јавно застапување, учество во креирање јавни политики и конструктивен дијалог со локалните институции.

Проектот се фокусира на жени од рурални населени места кои се соочуваат со ограничен пристап до информации, недоволна застапеност во локалните совети и процеси на планирање, како и социјални и културни бариери кои го ограничуваат нивното активно граѓанско учество. Преку овој проект, ЛАГ Агро Лидер создава безбеден и инклузивен простор во кој жените ќе можат да ги артикулираат своите приоритети, да стекнат практични вештини и да се поврзат со релевантни локални и национални носители на одлуки.

Клучните активности на проектот вклучуваат: едукативни работилници за локално управување, родово одговорно буџетирање и механизми за граѓанско учество; менторска поддршка за женски неформални групи и локални лидерки; јавни дијалози и средби со претставници на општините, советнички и пратенички; како и подготовка и застапување на конкретни предлози и иницијативи кои произлегуваат директно од потребите на жените во руралните заедници. Очекуваните резултати од проектот се зголемена самодоверба и ангажман на жените во локалниот јавен живот, подобрена комуникација меѓу руралните заедници и општинските институции, како и конкретни политики, мерки или активности кои ќе бидат вклучени во општинските програми и планови врз основа на женското учество и застапување.Со овој проект, ЛАГ Агро Лидер придонесува кон зајакнување на демократските процеси на локално ниво, промоција на родовата еднаквост и создавање одржливи механизми за учество на жените од руралните заедници во креирањето на политики што директно влијаат врз квалитетот на нивниот живот.

Проектот се имплементира во периодот од 01.02.2025 - 31.07.2026 година







# Младински зелени социјални претпријатија – нова енергија за руралниот развој

Проектот има за цел да создаде нови можности за младите од руралните општини Долнени и Крушево преку развој на социјално претприемништво, заштита на животната средина и одржливо земјоделство. Преку иновативни и практични решенија, проектот ќе придонесе кон економска одржливост, отворање зелени работни места и подобрување на квалитетот на живот во руралните заедници.

Цели на проектот

Воспоставување основи за младински социјални претпријатија во областа на заштитата на животната средина, со фокус на управување со органски отпад, компостирање како потенцијален социјален бизнис и социо-економска интеграција на младите на пазарот на труд.

Формирање младинска земјоделска задруга како инкубатор за зелени идеи, одржливи рурални заедници, примена на нови методи во земјоделството и развој на еко-бизниси.

Градење капацитети и подигање на свеста кај младите од руралните средини за социјално претприемништво, циркуларна економија и заштита на животната средина.

Очекувани резултати

Р1: Создадена младинска земјоделска задруга како инкубатор за зелени идеи и простор за менторство, обука и развој на најмалку 5 социјални еко-бизнис иницијативи.

Р2: Воспоставени основи на 5 младински социјални претпријатија за заштита на животната средина, со цел создавање зелени работни места и економска одржливост на младите од руралните средини.

Р3: Изградени капацитети и подигната свеста кај младите од руралните средини за социјално претприемништво, циркуларна економија и заштита на животната средина.

Клучни активности

А1: Формирање на младинска земјоделска задруга

А2: Обуки и менторство за развој на еко-социјални претпријатија

А3: Развој на минимум 5 младински еко-социјални бизнис иницијативи (бизнис канваси)

А4: Отворени денови за социјално претпријемништво во руралните средини

А5: Кампања за подигање на свеста и промоција на социјалното претпријемништво

Проектот ќе се спроведува во периодот од 01.10.2025 - 31.05.2026 година

Активностите се дел од проектот 'RAISE CSOs - Резилиентни и инклузивни патеки за социјално претприемништво за младите преку градење капацитети на локални граѓански организации во Северна Македонија' имплементиран од страна на Младински Сојуз – Крушево во соработка со Центар за истражувања и анализи „НОВУС“ и Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“, со поддршката на ЕУ за граѓанското општество и медиумските организации во Република Северна Македонија, ИПА програма за граѓанско општество 2022-2023





# Зелена алармна зона „Тивко загадување – гласно дејствување

Руралните заедници во Пелагонискиот регион се соочуваат со сериозен и сè поизразен проблем со загадувањето на животната средина. Нерегулираните депонии, неконтролираната употреба на пестициди и недостигот од системи за собирање и прочистување на отпадни води директно го загрозуваат здравјето на луѓето, квалитетот на почвата и водата, како и одржливоста на земјоделското производство.

Најдиректно засегнати се жителите на руралните заедници – особено земјоделците, жените и децата, чие здравје и егзистенција зависат од чиста почва, вода и здрава животна средина. Последиците се чувствуваат низ целата локална заедница, преку намален квалитет на живот и зголемени здравствени ризици.

Проектот има за цел да одговори на овие предизвици преку комбинација од:

- Едукација и информирање на граѓаните за причините и последиците од загадувањето;
- Истражувачко новинарство, кое ќе ги документира реалните состојби на терен и ќе ги прикаже гласовите на заедницата;
- Јавна кампања и застапување, насочени кон поттикнување институционална одговорност и конкретни мерки за заштита на животната средина.

Истражувачката сторија, подготвена во соработка со локални новинари и жители, ќе биде клучна алатка за отворање јавна дебата и иницирање дијалог со локалните власти и надлежните институции. Преку активно учество на граѓаните, особено на земјоделците и семејствата со деца, проектот ќе ја зајакне свеста, мотивацијата и чувството на заедничка одговорност за решавање на проблемите. Активностите ќе се реализираат во руралните населени места во општините Долнени, Кривогаштани, Крушево, Могила и Новаци, во период од ноември 2025 до март 2026 година.

Нашата визија е чиста, здрава и одржлива Пелагонија – каде што гласот на заедницата е слушнат, а институциите преземаат одговорност.

Проектот финансиски е поддржан од РЕСИС





# Отворање врати за жените од руралните средини во технологијата

„Отворање врати за жените од руралните средини во технологијата“ е иновативен проект насочен кон јакнење на капацитетите, вработливоста и економската независност на младите жени од руралните средини преку стекнување практични дигитални и ИТ вештини. Проектот придонесува кон родова интеграција, еднаквост и инклузивен локален развој, овозможувајќи им на жените активна улога во современата дигитална економија.

Општа цел

Зголемување на учеството на младите жени од руралните средини во ИТ индустријата преку унапредување на нивните дигитални вештини, вработливост и економска независност.

Специфични цели

- Развивање на дигитални и ИТ вештини во областа на програмирање, фриленс, дигитален маркетинг и UX/UI дизајн
- Воспоставување менторски систем со ИТ професионалци за поддршка на личниот и професионалниот развој на учесничките
- Поттикнување на вработливоста и претприемништвото преку поврзување со компании, фриленс платформи и можности за практична работа
- Подигнување на свеста за родова еднаквост и интеграција на жените во дигиталниот и ИТ сектор

Клучни активности

1. Консултативна средба со релевантни претставници на Општина Могила
2. Регрутација и информирање на учесничките
3. Спроведување онлајн и обуки со физичко присуство
4. Формирање менторска програма со ИТ професионалци
5. Практична работа и поврзување со работодавци и фриленс платформи
6. Организирање јавни настани и кампањи за промоција на жените во ИТ
7. Застапување и лобирање пред локалната самоуправа
8. Издавање сертификати и подготовка за вработување

Очекуван ефект

Проектот ќе создаде нови можности за личен и професионален развој на младите жени од руралните средини, ќе придонесе кон намалување на родовиот јаз во ИТ секторот и ќе поттикне одржлив економски развој во општина Могила.

Проектот е поддржан од Сојуз – Национален совет за родова рамноправност (НСРР), Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) и Полио Плус



Co-funded by the European Union

# Мониторинг на терен: Мониторинг на потенцијална злоупотреба на административни ресурси на локално ниво

Во текот на 2025 година, ЛАГ Агро Лидер го имплементираше проектот за мониторинг на злоупотреба на јавни ресурси во рамки на локалните избори, со поддршка од International Foundation for Electoral Systems. Проектот се спроведуваше во општините Кривогаштани и Долнени во периодот од август до ноември 2025 година и имаше за цел да придонесе кон зголемена транспарентност, отчетност и доверба во изборниот процес на локално ниво.

Активностите беа насочени кон воспоставување систематски граѓански мониторинг на потенцијалната злоупотреба на административни и јавни ресурси за партиски цели. Во таа насока, најпрво беше развиена методологија за следење, усогласена со релевантни стандарди и прилагодена на локалниот контекст. Потоа, беше спроведен процес на селекција и обука на локални набљудувачи, при што посебен акцент беше ставен на вклучување на млади луѓе и активни граѓани од заедницата.

Преку обуките, учесниците стекнаа знаења за препознавање на различни форми на злоупотреба на јавни ресурси, како и практични вештини за етичко и објективно прибирање и документирање на податоци. По завршувањето на обуките, обучените набљудувачи беа ангажирани во теренски активности, каде систематски ги следеа изборните процеси, јавните настани, користењето на службени ресурси и евентуалната вклученост на јавната администрација во партиски активности.

Собраните информации беа редовно анализирани и обработувани, што овозможи идентификација на потенцијални ризици и трендови поврзани со злоупотребата на јавни ресурси. Врз основа на овие наоди, беа подготвени извештаи со конкретни препораки насочени кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на институциите.

Паралелно со мониторинг активностите, беше спроведена и јавна информативна кампања, чија цел беше да ги информира граѓаните за нивните права и да ги поттикне да пријавуваат нерегуларности. Кампањата се реализираше преку јавни настани, директна комуникација со заедницата и дигитални канали, со што се постигна значајна видливост и вклученост.

Како резултат на проектот, беше забележано зголемено ниво на свест кај граѓаните за проблемот со злоупотреба на јавни ресурси, како и поголема подготвеност за активно учество во изборниот процес. Дополнително, проектот придонесе за зајакнување на капацитетите на локалните актери за независен мониторинг, како и за поттикнување на поголема одговорност кај институциите.

Овој проект воспостави солидна основа за идни активности во областа на изборниот интегритет и граѓанското учество, позиционирајќи го ЛАГ Агро Лидер како релевантен и доверлив актер во процесите на добро управување на локално ниво.





# ЕКО МОЛИВИ И БОИЧКИ ОД ОТПАДНА ХАРТИЈА

ЛАГ АГРО ЛИДЕР во 2025 година ја започна иницијативата за реупотреба на отпадна хартија, и низ процес на користење на енергетско ефикасни практики да се произведуваат еко моливи и боички - 3 Hearts односно три срца едно срце за спасување на дрвјата, едно за да ја покажеме грижата за планетата земја и едно срце за "обојување" зелен свет.

Под слоганот -Од отпад- до вредност. Од стара хартија – до нова креативност! ЛАГ АГРО ЛИДЕР во соработка со училишта, бизнис ентитети и јавни институции ќе создава ЕКО МОЛИВИ И БОИЧКИ - производи безбедни за децата и животната средина

Овие еколошки моливи и боички ќе се изработуваат од материјали од одржливо потекло нудејќи високо квалитетно искуство за пишување и цртање без грижа на совеста. Тие ќе ги спојуваат еколошката одржливост преку реупотребата на отпадна хартија, намалувањето на сечата на дрва, примената на енергетско ефикасни практики и едукацијата за циркуларна економија, со социјалното влијание преку вработување на лица од ранливи заедници, и создавањето на зелени работни места поттикнувајќи креативност, свесност и партнерство за создавање на одржливи заедници.

Проектот ЕКО МОЛИВИ И БОИЧКИ ОД ОТПАДНА ХАРТИЈА ќе се спроведува во периодот од 01.09.2025 до 30.04.2026 година

Проектот ЕКО МОЛИВИ И БОИЧКИ ОД ОТПАДНА ХАРТИЈА е поддржан од Проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“ е финансиран од Европската Унија. Лидер на проектот е Луѓе во потреба (ПИН), во партнерство со АРНО, Лидери за Едукација, Активизам и Развој (LEAD), и Ековита.



# Економска инклузија и социјална правда за жените од Западен Балкан

Од 1ви Јули 2025 година ЛАГ АГРО ЛИДЕР се приклучува на регионалното партнерство на проектот EWI - „Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан" ( Проектот EWI), спроведуван од CARE Balkans (CARE), во соработка со партнерските организации од регионот: Консалтинг за стратешки развој (Северна Македонија), ENECA (Република Србија), LINK (Босна и Херцеговина), и Tehnopolis (Црна Гора), а финансиран од Австриската агенција за развој од фондот на Австриската развојна соработка.
Целта на Проектот EWI е да ги зајакне жените (особено оние од маргинализираните и ранливите групи) од дел од земјите на Западен Балкан и да им обезбеди целосен пристап до нивните економски права. Тоа ќе се постигне преку поддршка на претприемачките активности на жените, поттикнување на нивната вработливост и креирање на поволна средина за економски развој во Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Проектните активности ќе ги спроведува Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани како подгрантист на проектот, во соработка со партнерската организација на проектот EWI - Консалтинг за стратешки развој.
Клучните активности кои се реализираа во рамки на Проектот EWI се:

- Обуки за претприемништво, вработување и меки вештини,
- Финансиска поддршка на жените за започнување и развој на бизнис,
- Работилници за родовите норми и права на жените,
- Зајакнување на капацитетите на институциите и давателите на услуги,
- Јавна кампања и информативни активности



Austrian Development Cooperation





# STOP THE GAP - SGAP

Проектот STOP THE GAP! цели кон промоција и примена на физичката активност како инструмент за инклузија и социјална интеракција во корист на децата во состојба на економска, социјално-културна ограниченост и попреченост, преку примена на спортски методи кои не се вметнати во стабилни спортски контексти, за да се создадат интегрирани патеки. Проектот го спроведува Centro Sportivo Italiano - Bari, Italia во партнерство со Параспортскиот Сојуз на градот Ријека и ЛАГ АГРО ЛИДЕР.

Проектните активности се насочени кон создавање на можности интегрираниот спорт да стане нов модел на спорт кој ќе овозможи еднакви можности за сите млади, инклузија и создавање општество во кое секој има еднаква можност да учествува, да придонесе и да успее. Проектот ќе вклучи 500 субјекти, вклучувајќи деца и млади со попреченост и деца во состојба на економска и социјална неповолност меѓу партнерите на проектот (деца и адолесценти на возраст од 7-17 години).

Проектот трае 18 месеци и се спроведува во временскиот од 01.11.2024 до 30.04.2026. Проектните активности се финансирани од Еразмус+ Спорт програмата на Европската Комисија.





# Green Up Yourself

Проектот „Green Up Yourself“ е насочен кон поттикнување на претприемништвото и зголемување на можностите за вработување на младите луѓе кои живеат во руралните средини ширум Европа.

Главни цели на проектот:

- Развој на вештини: Преку специјализирани обуки и иновативната е-платформа, младите се стекнуваат со современи „зелени“ и претприемачки вештини кои се клучни за модерниот пазар на труд.
- Промоција на зелено претприемништво: Проектот ги мотивира младите да креираат сопствени бизниси кои се еколошки одржливи и придонесуваат за заштита на животната средина.
- Економско зајакнување: Со фокус на иновациите и одржливите практики, проектот помага во намалување на невработеноста кај младите и создава нови перспективи за економски развој во руралните заедници.

ЛАГ АГРО ЛИДЕР во партнерство со организации од Шпанија, Италија, Кипар, Словенија и Грција ја создадоа иновативната плаформа GREEN UP YOURSELF со поддршка на Еразмус+ Програмата на Европската Унија. На 11.02.2025 година во Прилеп се одржа и завршната конференција во рамките на проектот.

Проектот се спроведува во периодот од 01.03.2023 до 28.02.2025 година со поддршка на Еразмус + Програмата.










# НАСТАНИ

# Саем на земјоделски производи во Прилеп – промоција на руралните жени и локалните вкусови

Со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Локалната акциона група АГРО ЛИДЕР го организираше традиционалниот Саем на земјоделски производи, кој се одржа на 11 октомври (сабота) 2025 година на платото кај Градскиот саат во Прилеп.

Настанот, кој секоја година се одржува во чест на Меѓународниот ден на руралните жени, оваа година беше посветен на слоганот „Руралните жени произведуваат добра храна за сите“, истакнувајќи ја нивната клучна улога во одржувањето на системите за храна и во развојот на руралните заедници, а воедно и промовирајќи ги руралните жени како чувари на природата и колективната иднина.

Повеќе од дваесет локални производители ги изложија своите производи – органска храна, домашни слатка и џемови, мед и медни производи, ајвари, макала, чаеви, овошни сокови, украсни тиквички, природна козметика, рачни изработки, и други традиционални производи.

На саемот учество зедоа Фарма Долнени, Природни производи Балтазар, СОУ „Орде Чопела“ – Прилеп, Мацун Лазарови, Мона природна козметика, како и бројни жени-производителки од општините Кривогаштани, Прилеп и Долнени, сите тие ги претставија своите производи подготвени според оригинални домашни рецепти, пренесувани од генерација на генерација.



# Инклузивен спортски настан во Прилеп

На 3ти Декември 2025 година во Прилеп во заедничка организација на Здружение Центар за развој и едукација и Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР се одржа инклузивен спортски настан на кој учество земаа ученици од ООУ „Гоце Делчев", ООУ „Добре Јованоски", СОУ „Орде Чопела", СОУ „Ѓорче Петров", корисници од Дневниот центар „Ѕуница", Дневниот центар за лица со церебрална парализа Прилеп, како и членови на пинг-понг клубот „Младост 96". Настанот имаше за цел да ја промовира инклузијата преку спорт и да поттикне поголема свесност за важноста на еднаквото учество на сите деца и млади.
На настанот присуствуваа Претседателката на Советот на општина Прилеп, Директорот на Центарот за социјална работа Прилеп и професионален кадар од основните и средните училишта. Специјални гости беа претставниците на италијанската фондација Centro Sportivo Italiano од Бари, организација со повеќе од 80 години искуство во промоција на спортот како алатка за инклузивност и креирање можности за учество на деца и млади со попреченост во различни спортски дисциплини.







# Студиска посета во Италија

Од 7 до 10 април во Трст, CEI-Извршниот секретаријат, во соработка со AREA Science Park и со финансиска поддршка од Автономниот регион Фриули Венеција Џулија (FVG), организираше студиска посета за дваесет и пет претставници на организации за локален развој од нашата држава, меѓу кои и претставници на ЛАГ АГРО ЛИДЕР.

Целта на активноста беше да се споделат најдобрите практики од Фриули Венеција Џулија (FVG) преку вклучување на Локални акциони групи (LAGs) од Северна Македонија и да се зајакне нивниот капацитет за апсорбирање на средствата од IPARD III за земјоделство и рурален развој во целата земја.
Во научниот парк „AREA Science Park", делегацијата учествуваше на три значајни работни сесии. Воведниот модул беше посветен на меѓународната соработка за локален развој, со посебен фокус на руралниот развој, истражувањето и соработката со Северна Македонија. Потоа следуваа презентации на локални компании кои ги претставија најдобрите практики за иновации во руралните области, опфаќајќи теми како што се технологијата, лозарството и управувањето со водите. Дополнително, се дискутираше за локалниот развој во пери-урбаните и прекуграничните области, со сесија за кружна биоекономија, презентација на проектот RIBES (финансиран од ЕУ) и, на крајот, споделување на директното искуство на ЛАГ-от „Kras and Brkini".
Вториот ден беше фокусиран на унапредување на главните економски активности преку промоција на културното наследство, храната и недоволно искористените ресурси. За детално истражување на оваа тема, делегацијата отпатува во Малборгето, каде што се сретна со ЛАГ-от „Open Leader" за да разговараат за одржливиот туризам како алатка за поттикнување на економијата во внатрешните региони. Дополнително, тие имаа можност во Уговица да видат имплементација на проект финансиран преку претходната ЛИДЕР (LEADER) програма. Посетата продолжи во Толмецо, каде ЛАГ-от „Euro Leader" ги сподели своите успешни стратегии за справување со депопулацијата и деиндустријализацијата преку засилен рурален развој.



# ЛАГ АГРО ЛИДЕР - ДЕЛ ОД ПРВАТА НАЦИОНАЛНА АКРЕДИТИРАНА ПРОГРАМА

Академија за финансиски менаџмент за граѓански организации официјално започна во Македонија!
20 локални претставници на граѓански организации, вклучително и претставничка на ЛАГ АГРО ЛИДЕР се приклучија на оваа национална акредитирана програма, дел од регионална иницијатива дизајнирана да ги зајакне капацитетите за финансиско управување на граѓанските организации низ целиот Западен Балкан, промовирајќи поголема транспарентност и долгорочна одржливост.



# Донација на спортска опрема

Соработка со образовните институции со заедничка цел - заедно да создаваме подобри услови за спортски активности на младите!
Со донација на спортска опрема во ООУ „Гоце Делчев“ - Прилеп како граѓанска организација даваме придонес децата да развиваат здрави навики, тимски дух и љубов кон спортот.

